ТРАНСПАРЕНТНОСТ
МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

**Месечен билтен за април 2016 година**

## УЛОГАТА НА "МЕСИЈАТА ИВАНОВ"

**1.** Изминатиот месец го одбележа скандалозната одлука на **Ѓорге Иванов**, во улога на претседател на Република Македонија, да ги помилува високите функционери од неговата партија од кривично гонење за сериозните сомневања за криминал и корупција за што Специјалното јавно обвинителство води бројни постапки. Со таквата своја постапка, донесена со еклатантно кршење на постоечките закони и процедури кои ја уредуваат оваа област, Иванов целосно го девалвира владеење на правото во државата и предизвика бурни реакции во земјата и во меѓународната заедница.

**ТМ се приклучува кон бројните барања за поништување на незаконската одлука за аболиција донесена од страна на Иванов. Високите партиски и владини функционери мораат да понесат кривична и политичка одговорност за сите свои злодела кои ќе се докажат во судска процедура. Воедно, со укинувањето на одлуката за аболиција, Иванов мора да се повлече и од претседателската функција, бидејќи неговиот личен и политички авторитет и работа втемелена врз принципите на законитост се непоправливо нарушени и создаваат голема штета врз функционирањето на државата.**

## ДКСК ВО ОВОЈ СОСТАВ ТРЕБА ДА ПРЕСТАНЕ ДА ПОСТОИ

**2.** Сканалозниот настап на прес-конференција на сега веќе поранешниот претседател на Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) **Горан Миленков,** каде дрско им го ограничи правото на новинарите да се интересираат за имотната состојба на поранешниот премиер **Никола Груевски**, овозможи и нешто корисно: јавноста за прв пат го слушна името и го виде до тогаш анонимниот претседател на ДКСК. Миленков во вршењето на претседателската функција на ДКСК ќе остане запаметен по непознавањето на Законот за спречување на корупцијата, кој во чл. 2 упатува на законитост во вршење на функцијата; во чл. 5 го уредува начелото на јавност во вршењето на функцијата и дека не може да се ограничи или исклучи јавноста за да се прикрие искористување на функција, јавни овластувања, службена положба и сл.; во чл. 3 упатува на начелото на јавност на анкетниот лист; и, посебно, во чл. 56 со кој се заштитуваат средствата за јавно информирање, а новинарот има право на непречен пристап до сите извори на информации. Горан Миленков ќе остане неславно запаметен и по континуираното забошотување на корупциските случаи на високо ниво, на случаите на несразмерното збогатување на високи владини функционери за време на мандатот, за прогласување за „ненадлежен“ за бројните корупциски скандали и злоупотреби на службената положба кои произлегуваат од скандалот со прислушуваните телефонски разговори.

Со изборот на неговиот наследник, **Игор Тантуровски** – донатор на политичката партија ВМРО ДПМНЕ – се потврди целосната партизација на ДКСК, спротивно на

нејзината законска поставеност, со што целосно е девалвирана нејзината улога и смисла на постоење.

Спротивно на законската обврска, ДКСК стана синомим на затвореност кон јавноста. Затоа, отворено се поставува прашањето зошто ѝ е потребен портпарол кој никогаш не е достапен за медиумите? Иронично делува оценката од Извештајот за работата на ДКСК во 2015 г. каде се вели дека „ДКСК настојува односите со јавноста да ги гради како одговорна институција која е присутна во медиумите, за да придонесе за објективно информирање на граѓаните и дека континуирано нуди информации за своето постапување и за прашања што се наметнуваат како актуелни од аспект на препознавање и спречување на корупцијата и судирот на интереси“. Таму уште стои дека оваа институција била транспарентна, бидејќи „сите позначајни пишани документи ги објавува на својата веб страница“.

Податокот што во 2015 г. до Комисијата биле доставени само **124** претставки – најмалку до сега, од основањето на оваа Комисија – означува натамошен драстичен пад на обраќање на граѓаните до ова тело, заради целосно изгубената доверба во неговиот кредибилитет. Од друга страна, податокот дека во извештајната 2015 г. ДКСК до Јавното обвинителство поднела само **две иницијативи** за кривично гонење и **две** иницијативи за разрешување од функција, и тоа исклучиво за јавни службеници од пониските еашалони, јасно зборува за не-функционирањето на ДКСК согласно доверените надлежности за превенција на корупцијата.

Сите оценки на граѓанскиот сектор и експертите од земјата, но и од меѓународната заедница, укажуват на нескриена политичка пристрасност на ДКСК кон власта, нејзина селективност и нетранспарентност во извршување на функцијата. За членови на Комисијата се именуваа лојални партиски кадри од ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ, кои наместо да иницираат постапки за одговорност на високи функционери за кои постои сериозно сомневање за вмешаност во корупција, се ставија во улога на нивни заштитници. Оттука, сосема легитимно се поставува прашањето за смислата на нејзиното натамошно постоење во овој состав, особено што даночните обврзници само во 2015 г. за (не)работата на ДКСК одвоиле **31.982.000,00 денари**, или половина милион евра јавни пари.

Дополнително, власта знае да ги награди послушните партиски војници кои го заштитуваат нејзиниот криминал: поранешниот член и председател на ДКСК **Ѓорѓи Сламков** е именуван за претседател на Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер. Самото именување на Сламков за претседател на орган од кој граѓаните ќе бараат заштита поради одбивање на институциите да им ги дадат бараните информации е скандал, бидејќи токму ДКСК во периодот кога тој беше претседател важеше за една од најзатворените и најбирократски институции во државата.

**ТМ ќе бара под итно да се разрешат постојните членови на ДКСК поради повреда на сите принципи и обврски кои произлегуваат од анти-корупциската легислатива во вршењето на функцијата, бидејќи тие се директни**

**соучесници за широко распространетата корупција во државата, особено во највисоките ешалони на власта. Истовремено,ТМ ќе бара од Јавното обвинителство да покрене постапка за кривична одговорност на членовите на ДКСК заради основано сомневање за нивна злоупотреба на службената положба и овластување согласно чл. 353 од КЗ.**

## КОРУПЦИЈАТА НИЗ ПРИЗМАТА НА ИЗВЕШТАЈОТ НА СТЕЈТ ДЕПАРТЕМЕНТ НА САД ЗА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА ВО 2015 ГОДИНА

**3.** Дерогацијата на владеење на правото и високиот степен на корупција во земјата, што ги загрозува човековите права и слободи, беше во фокусот на опсервација во Извештајот на Стејт Департментот на САД и за 2015 г. Во делот од Извештајот кој се однесува за корупцијата и отсуството на транспарентност, се повторува негативната оценка од минатата година, но овој пат многу поостра, дека власта е вклучена во корупција на високо ниво преку злоупотреба на службената положба со цел да ги заплашува главните опозициски лидери, а дека полицијата и судството остануват проблем.

Според американскиот Стејт Департмент, експертскиот тим на ЕК констатирал директна вмешаност на високи владини и партиски функционери во нелегални активности, вклучувајќи корупција. Се нотира дека Јавното обвнителство отворило истрага по 24 кривични пријави поднесени од страна на СДСМ поврзани со прислушкуваните разговори, но дека Обвинителството не покренало ниеден обвинителлен акт за сериозните сомневања за корупција. Од друга страна, Специјалното јавно обвинителство информира дека има јурисдикција над 22 од 24 случаи по кривичните пријави поднесени од страна на СДСМ. Во Извештајот, исто така, се забележува дека надлежните органи се многу ефикасни кога станува збор за опонентите на власта, што се поткрепува со фактот дека Министерството за внатрешни работи поднело кривична пријава против опозицискиот лидер **Зоран Заев** за наводно примен поткуп, а Јавното обвинителство поднело обвиненение против него, за што веќе се води и судска постапка, иако случајот во јавноста е оценет како политички мотивиран. Со ваквата оценка се потврдуват тврдењата на независните експерти, НВО и медиуми во земјата за селективност во постапувањето на МВР, ЈО и судот, поради нивната целосна предаденост на извршната власт.

Во Извештајот се нотира дека иако постои законска обврска за пријавување на имотната состојба од избрани и именовани функционери до ДКСК, отсуствува ефикасна контрола на имотот на функционерите и мониторинг на судирот на интереси кај нив, поради отсуство на регистер за функционерите (наспроти дамнешната најавата на ДКСК дека таков регистер ќе биде воспоставен). Неактивноста на ДКСК е отсликана и во Извештајот на Стејт Департментот, со оценката дека за шест месеци Комисијата доставила две иницијативи до Јавното обвинителство поради злоупотреба на службената положба. Критики се упатени и во однос на практичната примена на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, при што се нотира дека иако постои посебен Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер, граѓаните и медиумите се

оневозможени, или имаат само ограничен пристап до сите финансиски податоци за јавни набавки на Владата. Притоа, се забележува дека голем број од граѓанскиот сектор и медиумите се жалат дека државната администрација ги игнорира нивните барања за пристап до информации од јавен карактер, спротивно на Законот.

**ТМ оценува дека реалните оценки на Стејт Департментот за нивото на корупција на високо ниво, за селективноста и пристрасноста во постапување од страна на полицијата, правосудниот систем, ДКСК, Комисијата за заштита на правото на пристап до информации и другите надлежни органи, ќе имаат поголем ефект доколку тие се операционализираат со преземање на конкретни мерки против поединци од овие органи, наместо меѓународната заедница и понатаму финансиски да ги поддржува нивните наводни „активности“ и „реформи“.**

## ФИСКАЛНА И ДАНОЧНА ПОЛИТИКА

**4.** Во месец април 2016 г. македонската јавност сведочеше низа прекршувања на бројни закони, но и на Уставот на државата и тоа од страна на највисоките инстанци на власта. Надвор од ваквите однесувања не остана ниту финансирањето на Буџетот на Република Македонија. Како што беше наведено во неколку извештаи од претходните месеци, буџетот на државата е во тешка финансиска кондиција и редовното сервисирање на буџетските обврски зависи од нови задолжувања. На секоја поголема исплата од буџетот, како што е враќање на претходно земени заеми, дотирање на средства во фондот за ПИОМ за исплата на пензии, исплата на плати на јавната администрација и сл., претходи задолжување на домашниот пазар преку емитување на државни хартии од вредност.

Незаконитостите се согледуваат во следниве две сфери и може да имаат долгорочни последици врз буџетот на државата и врз македонската економија.

**Прво**, спорни се задолжувањата на Министерството за финансии преку емисија на државни хартии од вредност без согласност на дополнителниот заменик министер за финансии. Сите активности на ова Министерство (а тоа важи и за останатите министерства) кои се поврзани со изборите треба да бидат со согласност на дополнителниот министер за финансии. Имајќи предвид дека целокупниот изборен процес се финансира од буџетот на државата, а средствата од буџетот се употребуваат и за промовирање на актуелните партии на власт (ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ), ваквите задолжувања без исклучок треба да се со согласност на дополнителниот министер за финансии.

Дека ваквите задолжувања на министерството за финансии се незаконски се потврди и со една несериозна постапка на Владата на РМ, предводена од премиерот **Емил Димитриев**. Имено, само неколку дена после распуштањето на Собранието на РМ, со одлука на Владата, на седница на која биле отсутни министрите на СДСМ и ДУИ, биле поништени сите акти на министерот за внатрешни работи **Оливер Спасовски** и министерот за труд и социјална политика

**Фросина Ременски**. Образложението е дека тие акти немале согласност од нивните дополнителни заменици министри. Очигледно, Владата предводена од Димитриев има двојни аршини, па за акти кои се донесени од страна на министрите на ВМРО-ДПМНЕ не е потребна согласност од дополнителниот заменик министер, а за министрите на СДСМ такви согласности се потребни. Потврдува ли со ова  Владата дека задолжувањата на Министерството за финансии не се во согласност со закон?

**Второ,** кон средината на овој месец, Управата за јавни приходи (УЈП) доставила решенија до физички лица, со образложение дека се ДДВ обврзници, а согласно измените на Законот за данокот на додадена вредност од декември 2014 г., со кои прагот за регистрирање на физичкото или правното лице како ДДВ обврзник е намален од 2 на 1 милион денари годишно. Со тоа, правните и физички лица кои оствариле приход поголем од 1 милион денари во 2015 г., се регистрирани како ДДВ обврзници и ќе мора да плаќаат ДДВ од 18%, а потоа ќе имаат право да бараат поврат. Ваквата примена на Законот за ДДВ е неправилна и неуставна. Со ваквите законски измени, физичките лица кои до сега не биле ДДВ обврзници, сега УЈП по автоматизам ги регистрира како ДДВ обврзници. Но, тука постои проблемот на двојно оданочување. Имено, физичките лица, на остварениот доход, платиле персонален данок од доход, а потоа УЈП им пресметува и 18% данок на бруто износот кој го платиле. Пример, на доход од 10.000 денари платено е 10% персонален данок од доход од 1.000 денари, а потоа се пресметува 18% ДДВ на износот од 11.000 денари?! За овој проблем, до Уставниот суд на РМ веќе е поднесена иницијатива за утврдување на уставноста на ваквите измени. Дека ова е така и дека со решенијата кои ги добиваат даночните обврзници, во даночната основица им влегува и персоналниот данок од доход, потврдуваат и од страна на кабинетот на дополнителниот заменик министер за финансии **Кире Наумов**. Очевидно е дека во овој случај има двојно оданочување, што е спротивно на закон.

**Имајќи го ова предвид, ТМ ги повикува премиерот Емил Димитриев и министерот за финансии Зоран Ставревски да објаснат кои би биле последиците доколку задолжувањата кои сега ги прави Министерството за финансии реално бидат оспорени на суд? Кој ќе ја сноси тогаш одговорноста? Исто така, министерот за финансии е должен да објасни како ова Министерство се довело во ситуација да испорача решенија каде основицата на која се пресметува ДДВ го содржи претходно платениот персонален данок од доход?**

**СОСТОЈБА СО МЕДИУМИТЕ**

**5.** По избувнувањето на длабоката политичка криза во земјата, состојбата со медиумите постојано се влошува. Не само што во центарот на некои од потешките скандали се најдоа медиумските сопственици и уредници и новинари од повеќето провладини медиуми во државава, туку се констатираа и бројни основани сомневања за големи операции за перење на јавни пари, употребени за лично богатење на овие медиумски протагонисти и директно влијание врз уредувачката

политика од страна на вјадејачката ВМРО-ДПМНЕ кај овие медиуми. Трагичниот случај со смртта под неразјаснети околности на **г. Коста Крпач**, директор на фирмата која е сопственик на еден од информативните портали блиски до власта, со неговата поврзаност со случаи кои ги обработува Специјалното јавно обвинителство (за што, без основа, беше противзаконски помилуван и од страна на претседателот), може да послужи како драстична илустрација за состојбата во која се наоѓаат медиумите во Македонија.

Мониторинзите за објавените содржини на главните прорежимски телевизиски и печатени медиуми – вклучувајќи го и јавниот радиодифузер, МРТВ – покажуваат тешки нарушувања на најелементарните професионални стандарди за работата на новинарите, уредниците и медиумите блиски до власта. За жал, со продлабочувањето на политичката агонија во која се наоѓаат партиите и структурите на власт, катастрофалните состојби со медиумите и понатаму ескалираат.

**Имајќи ја предвид ваквата ситуација, ТМ повторно предупредува дека разрешувањето на длабоката политичка криза во земјава не може да се спроведе доколку се изостави сферата на медиумите. Неопходно е темелна законска интервенција – дури и со постоечката законска регулатива – во функционирањето на македонскиот медиумски систем, во што спаѓаат медиумскиот пазар, медиумските сопственици, функционирањето на новинарската професија, текот на јавните пари низ медиумите итн. Тоа нема да биде возможно доколку сегашните партиски кадри, распоредени низ институциите кои директно или индиректно се занимаваат со медиумскиот систем, останат на своите места – тие се еден од главните делови на проблемот, па не можат да бидат и дел од неговото решение.**

**ТРАНСПАРЕНТНОСТ МАКЕДОНИЈА**

**бул. Партизански одреди бр. 40/1-10**

**1000 Скопје**

**тел. 02/3112 763**